РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ДИМИТАР МАКЕДОНСКИ
Бр. 02-342/1
04.07 2025 год.
ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ за Самоевалуација на ООУ „Димитар Македонски“, о. Аеродром- Скопје

## за период 2023/2024-2024/2025 година

ООУ „Димитар Македонски“
1964
Сонце и љубов за сите деца

## Содржина

Вовед и Општи податоци за училиштето .......... 2
Училишна комисија за самоевалуација .......... 3
Тимови за самоевалуација .......... 4-5
Методологија и транспарентност на процесот .......... 6
Подрачје 1: Планирање, настава и учење .......... 7
Подрачје 2: Постигнувања на учениците .......... 8
Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето .......... 9
Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики .......... 10
Резиме .......... 11

## Вовед

Врз основа на член 129, став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „Димитар Македонски“, за периодот од јуни, 2023 год. до јуни, 2025 год. изврши самоевалуација на работата во училиштето за периодот 2023/24 до 2024/25 год. Во текот на работата, СЕУ тимовите оствариja средби и разговори и со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Исто така беа спроведени анкети и интервјуа со учениците, наставниците, директорот, стручните соработници и родителите. Сите добиени податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на СЕУ, беа користени насоките од Законот за основно образование и индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ (од 2024 год.)

## Општи податоци за училиштето

| ***Период на самоевалуација*** | **2023- 2025 година** |
|---|---|
| *Вид на училиште* | Општинско основно училиште |
| *Основач* | Општина Аеродром |
| *Наставен јазик* | македонски |
| *Претседател на Училишен одбор* | Вера Велинова |
| *Директор на училиштето* | Марина Спасовска |
| *Адреса на училиштето* | Ул. „Ѓуро Малешевац“ бр.2 |
| *E- mail* | dimitar_makedonski@yahoo.com |
| *Web страна* | oudimitarmakedonski.edu.mk |

## Училишна комисија за самоевалуација

1. Татјана Алексова-Славковска, психолог
2. Татјана Трајковска, педагог
3. Биљана Тримчевска-предметен наставник
4. Маја Христова, одделенски наставник
5. Катерина Дуноска Здравеска, родител,претседател на УО

**Дата на формирање на комисијата: 14.03.2025**

**Тимови за спроведување на самоевалуацијата по подрачја**

Подрачје 1: Планирање, настава и учење
Состав на тимот:

1. Александра Војиновиќ Танчевска- (координатор)
2. Дијана Маневска
3. Виолета Јовановска Никовска
4. Ана Арсиќ
5. Зорица Младеновска
6. Оливера Божиновска
7. Ребека Владимирова
8. Берна Беќировска
9. Сашка Илиевска

Подрачје 2: Постигнувања на учениците
Состав на тимот:

1. Биљана Тримчевска – (координатор)
2. Сузана Петровска
3. Зорана Цветановска Бочварова
4. Бојана Ристовска
5. Снежана Стефановска
6. Јасмина Хаџи Димова
7. Дијана Ивановска
8. Марина Здравеска
9. Мери Џековска

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето
Состав:

1. Ева Мишева Матевска- (координатор)
2. Христина Герасимовски
3. Маја Христова
4. Елена Димовска
5. Билјана Ѓурчиновска
6. Драгана Кузмановска
7. Стојанчо Миров
8. Цветанка Младеновска
9. Маја Саздова
10. Сања Костова

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политика
Состав на тимот:

1. Оливија Жежова (координатор)
2. Елизабета Матиќ
3. Илинка Делева
4. Гоце Ѓорѓиевски
5. Зорица Поповска

**Методологија што е спроведена**

Со извршената проверка на потребната документација се користеа повеќе податоци кои беа потребни да се одговори на сите барања на самоевалуацијата. Покрај тоа се применија методи за прибирање информации за одредени подрачја: интервјуа, анкети, прашалници со учениците, наставниците, директорот, стручните соработници и родителите. а за изведување на заклучоците се пристапи кон нивна обработка и анализа. Врз основа на добиени податоци се донесе извештајот за СЕУ за 2023-2025год.

**Обезбедување транспарентност на процесот**

Целиот процес на изработка на овој документ беше транспарентен од самиот почеток. Формирањето на тимовите, начинот на работа и нивно организирање, прибирањето на податоци и нивна анализа, следење на работата на тимовите е дискутирано на наставничките совети, презентирано на Совет на родители и Училишен одбор.

ООУ „Димитар Македонски“
Ул. „Ѓуро Малешевац“, бр.2, општина Аеродром, Скопје
тел. 02 2440011
e- mail: direktor@oudimitarmakedonski.edu.mk; dimitar_makedonski@yahoo.com
web site: www.oudimitarmakedonski.edu.mk

## **Подрачје 1:** Планирање, настава и учење

**Индикатори**

1.1. Планиње на наставиците
1.2. Наставен процес
1.3. Искуства на учениците од учењето
1.4. Оценување како дел од наставата
1.5. Воннаставни активности и натпревари

**Јаки страни,**

- Најголем дел од наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.
- Наставниците користат различни ресурси за настава и учење и приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблемски ситуации, користејќи современи приоди во наставата.
- Постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот.

**Слаби страни**

- Училиштето не располага со доволно асистивна технологија (сензорна соба) и мал дел од кадарот е обучен за работа со асистивна технологија;

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Училиштето да обезбеди асистивна технологија(сензорна соба) и да обезбеди обука на кадарот за нејзино користење.

## Подрачје 2: Постигнувања на учениците

### Индикатори

2.1. Постигања на учениците

2.2. Мерки за подобрување на постигањата

### Јаки страни

- Училиштето забележува висок процент на посетеност на часовите за дополнителна настава заради мотивираноста на наставниот кадар и добрата организираност и покрај тоа што училиштето се соочува со недоволен простор за реализација на истата.
- Училиштето располага со инструменти за собирање и брза и лесна обработка на податоците за постигнувања, редовност и поведение на учениците.
- Во училиштето се гради безбедна, поддржувачка и инклузивна средина со промовирање на почит, соработка и емпатија меѓу учениците и наставниците, така успехот е неминовен.

### Слаби страни

- Училиштето се соочува со предизвикот на недоволен простор за изведување на дополнителната настава заради двосменското работење на истото.
- Нема информатички кабинет опремен со функционални компјутери кои би се користеле не само по предметите информатика, техничко, техничко и информатика, туку и за потребите на наставата по другите предмети. Овие таблети не ги задоволуваат потребите за индивидуална практична работа на учениците на компјутер.
- Нема Финансиска поддршка за учество на натпревари

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Да се обезбедат - изградба на нови училници за непречено одвивање на редовната и дополнителната настава.
- Да се обезбеди информатички кабинет со функционални компјутери заради подобрување на квалитето на наставата по информатика, но и за други потреби.
- Да се обезбеди поголема финансиска поддршка за котизација за учество на натпревари.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Индикатори**

3.1. Училишна клима
3.2. Еднаквост и правичност
3.3. Партнерски однос со заедницата
3.4. Севкупна грижа за учениците

**Јаки страни**

- Училиштето има препознатлив имиџ, кој се должи на работна диција, коректен однос и воспоставен систем за извршување на работните задачи.
- Во нашето училиште е воспоствен добро организиран ситем на комуникација и соработка .
- Училиштето посветено работи на прифаќање и промовирање на мултикултурализмот
- Кодексот на однесување е истакнат на видно место во сите училници и електронски се споделува со родителите

**Слаби страни**

- Намалена вклученост на училиштето во проекти

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Училиштето да се вклучува во поголем број на проекти.

ООУ „Димитар Македонски“
Ул. „Ѓуро Малешевац“, бр.2, општина Аеродром, Скопје
тел. 02 2440011
e- mail: direktor@oudimitarmakedonski.edu.mk; dimitar_makedonski@yahoo.com
web site: www.oudimitarmakedonski.edu.mk

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

**Индикатори**

4.1. Управување и раководење со училиштето

4.2. Цели и креирање на училишната политика

**Јаки страни**

- Воспоставени се партнерски односи,тимска работа,организираност,грижа за учениците и вработените, уредно и навремено извршување на административните работи (документација);
- Изготвување и примена на правилниците за правилно спроведување на училишната политика.

**Слаби страни**

- Изостанување на известување за одлуките на УО пред вработените

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Да се обезбеди транспарентност за одлуките на УО пред вработените.

## Резиме и предлог мерки за унапредување на работата на училиштето

Целта на СЕУ е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките, но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Очекуваме, воочените слабости да ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (дидектни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно образовниот процес. СЕУ ги издвојува и приоритетните области на делување за унапреување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да надминуваат, а јаките да се одржуваат и зголемуваат.

За да се надминат слабите страни на училиштето потребно е дополнително ангажирање на сите субјекти и тела на училиштето и локалната самоуправа, бидејќи се неопходни финансиски средства за постигнување на целите и приоритетите.

**Комисија за самоевалуација:**

Татјана Алексова- Славковска, ______________________ (психолог)

Татјана Трајковска, ______________________(педагог)

Биљана Тримчевска,______________________ (предметен наставник)

Маја Христова, ______________________(одделенски наставник)

Катерина Дуноска Здравеска,______________________(родител)

Дата

Јули, 2025